Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
## одржана на 17 јануари 2022 година

Скопје, јануари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 21:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа замениците на претседателот на Владата, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, и членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц.д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски,Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваваше Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Пеце Мирчески директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, потпароли на Владата.

На седницата не учествуваа, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 17 јануари 2022 година и Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 17 јануари 2022 година.

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Записник од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 18 јануари 2022 година, со Предлог-одлука за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 17 јануари 2022 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 17 јануари 2022 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 17 јануари 2022 година.

2. Ги разгледа сите показатели/анализи во однос на распространетоста на Коронавирус КОВИД-19 презентирани од Комисијата за заразни болести и констатира дека во моментот распространетоста на Коронавирус КОВИД-19 е во својот пик и заклучи почетокот на наставата со физичко присуство во второто полугодие во сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија да отпочне на 1 февруари 2022 година.

   Притоа ги задолжи Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Секторот за односи со јавноста во Владата на Република Северна Македонија, а се препорачува на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ да упатат апел до учениците и родителите максимално да се придржуваат до мерките и препораките за спречување на ширење на Коронавирус КОВИД-19, во домашни услови и надвор.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги измени Календарот за организација и работа на основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година со цел стартот на наставата во второто полугодие во сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија да отпочне на 1 февруари 2022 година со физичко присуство, а да заврши во предвидениот рок на 10 јуни 2022 година, согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

4. Се задолжува Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести кон крајот на јануари 2022 година да ја известат Владата за состојбата со ширењето на Коронавирусот КОВИД-19.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

Владата го задолжи АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје, во рок од два дена до Министерството за економија и Министерството за финансии да достави финансиски пресметки во делот на преземање на АД Скопје Север и БЕГ (Балкан енерџи груп), како и предлог-договор за деловно-техничка соработка.

**Точка 4**

Владата го разгледа Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 17 јануари 2022 година, со Предлог-одлука за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 17 јануари 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, во предложениот текст.

3. Да се извести Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22.15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**